**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

**ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ**
**по методика на наставата по религиско образование**

**Кандидат: ДЕЈАН ТРАЈКОВ**

# ДОБРОТО И ЗЛОТО КАКО ОСНОВНИ ЕТИЧКИ КАТЕГОРИИ

**- СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД -**

**Штип, 2011**

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор:** Проф.д-р  Владо Петровски

Вонреден професор, Педагошки Факултет

**Член:** Проф.д-р Снежана Мирасчиева

Вонреден професор, Педагошки Факултет

**Член:** Име и презиме

## ДОБРОТО И ЗЛОТО КАКО ОСНОВНИ ЕТИЧКИ КАТЕГОРИИ

### Краток извадок

Секоја наука има низа свои основни поими за кои расправа и со кои ги гради своите сознанија. Со нив таа ја објаснува суштината на појавата што ја испитува (која што е нејзин предмет) и со нив ги изложува своите истражувања. Такви основни поими во Етиката се поимите Добро и Зло.

Во Етиката сѐ се врти околу нив, тие му даваат смисла на моралот и преку нив се изведуваат и мерат сите намери и постапки на луѓето.

Тешко е да се изнајде точна определба што е доброто и што содржи тоа, а што е злото и што спаѓа во него. Станува збор за основни поими, за кои не можат да се  користат други поими за да се изведат од нив, зашто со тоа тие, другите, би станале главни, а овие би ја загубиле својата автентичност. Особена карактеристика на моралот и етиката е токму ова двојство и различност на основните категории, кои ја изразуваат противставеноста на моралните определби во смисла на нивна несовместност и исклучивост.

Важно е уште во почетокот да се разјасни што е добро, а што е зло. За да се одговори на ова прашање треба да се тргне од некој етички критериум надвор од нас или од нашето лично искуство во однос на тоа што подразбираме под добро и зло. Јас како христијанин, како личност која верува во Бога, одговорот на прашањето го барам во личноста Божја, во Неговото откривање на вистината и во моето духовно искуство од и во таа вистина. А таа вистина открива нешто што го збунува современиот човек (човек без корен и духовен увид), открива дека злото не постои, дека тоа нема своја онтологија, односно дека Бог не го создал. Постои (има битие, битисува) само она што е создадено до Бога, како во духовниот така и во материјалниот свет, а се што е создадено од Бога е добро. За тоа ни сведочи и запишаното откривање Божјо во Св. Писмо. Таму е запишано следното: И виде Бог дека е многу добро сѐ

она што го создаде (1.Мој. 1,31). Ако е тоа така, а така е, тогаш од каде злото во нашиот од Бога благословен и создаден поредок на постоење (во нашиот свет)? Откровението нѝ го дава и тој одговор.

**Клучни зборови:** Спасител, сатана, непостоење, лукавство, измама

**Good and evil as basic ethical categories**


## Abstract

Every science has its basic concepts, it debates about them and builds its knowledge on their basis. With them, the science explains the essence of the phenomenon it examines ( its main subject) and with them, it exposes the research. Such basic concepts in Ethics are the terms of Good and Evil.
Everything revolves around them in Ethics, they give a sense of morality and through them all intentions and actions of people are conduceted and measured.

It is difficult to find an accurate determination of what is good and what this term contains and what is evil and what it contains. These are basic concepts, for which we can not use other terms that are derived from them, because by doing so, they would become main terms, and these would have lost their authenticity. This duality and diversity of basic categories is special feature of morality and ethics, which express contrary of moral commitments in terms of inadequaty and exclusiveness.

It is important in the beginning to clarify what is good and what is evil. To address this issue should start from an ethical criterion out of us or our personal experience in terms of what we mean by good and evil. For me as a Christian, as a person who believes in God, the answer to the question is in the personallity of God, in His discovery of the truth and in my own spiritual experience and in that truth. And that truth reveals something that confuses the modern man (a man without roots and spiritual insight), reveals that evil exists, it has no ontology, that God had created. There is (it has existense) only what is created by God as the spiritual and the material world and everything created by God is good. We have testimony for that in written disclosure of God in Holly Bible. There it is written: And God saw that His creation is well created (1.Moj. 1.31). If this is so (and it is) in the world of order blessed by God, then where did the evil come from (in our world)? Revelation gives us that answer.



**Key Words:** Savior, Satan, nonexistance, wickedness, deceit